ПОШТЕНСКА БАНКА

# Барање за добивање на картичка од Поштенска Банка А.Д. Скопје

**(барањето потполнете го читко со печатни кирилични букви, освен во делот кој е означен да биде со латинично писмо)**

## Лични податоци

**Име и Презиме:**

Име и презиме на картичката (на латиница, не повеќе од 25 знаци, вклучувајќи ги и празните места):

| | |
|---|---|
| Дата на раѓање: | Населено место и адреса (според л.к./пасош): |
| Број на лична карта/пасош: | |
| Издаден/а од: | |
| Пол: М ☐ Ж ☐ ЕМБГ: | |
| Домашен тел: | e-mail*: |
| Мобилен тел: | |
| Број на основна картичка: | |
| Број на сметка: | |

пополнува банката

## Достава на извештаи (извод)

Извештаите сакам да ги добивам (изберете една од опциите):

☐ по електронски пат преку e-banking системот на банката (доколку ја изберете оваа опција, ќе добиете посебно барање и банката автоматски ќе Ви генерира корисничко име и лозинка за e-banking системот на Банката)

☐ по пошта на адреса од л.к./пасош

☐ по пошта на следната адреса (доколку е различна од л.к/пасош):

## Податоци за вработувањето, дозволеното пречекорување и имотната состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив и адреса на работодавецот: | | | |
| Телефон (раб.)*: | | Факс (раб.)*: | |
| Вкупен стаж*: | | Работно место: | |
| e-mail(раб.)*: | | | |
| Месечни примања: | | | |

Дозволено пречекорување: ☐ Барам, во износ од ________________________ денари ☐ Не барам

Живеам во: ☐Сопствено живеалиште ☐ Под кирија ☐ Со родители

☐ Друго -

**Изјава на корисникот на основната картичка**

Изјавувам, под полна морална, материјална и кривична одговорност ја потврдувам точноста на податоците дадени во ова барање. Изјавувам дека сум запознаен-а со Општите правила за издавање и користење на картичката (во прилог на ова барање) и Тарифникот на банката и истите ги прифаќам во целост. Со оваа Изјава исто така изречно ја овластувам Поштенска Банка АД, Скопје, да може, мојот единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) и другите мои лични податоци дадени во ова барање да ги користи при вршење на работи кои произлегуваат од делокругот на работење на Банката: обработка, пренесување на други овластени бази на податоци и/или други дејствија во рамките на банкарското работење, согласно Законот, регулативата и актите на Банката

**Своерачен потпис: ________________________**

## Дополнителна картичка (овластено лице)

**Име и Презиме:**

Име и презиме на картичката (на латиница, не повеќе од 25 знаци, вклучувајќи ги и празните места):

| | |
|---|---|
| Дата на раѓање: | Место на раѓање: |
| Број на лична карта: | Издадена од: |
| Пол: М ☐ Ж ☐ ЕМБГ: | |
| **Изјава на корисникот на основната картичка**<br>Со својот потпис го одобрувам издавањето на дополнителната картичка и го овластувам лицето да располага со средствата на сметката поврзани со картичката. | **Изјава на корисникот на дополнителната картичка**<br>Изјавувам, под полна морална, материјална и кривична одговорност ја потврдувам точноста на податоците дадени во ова барање. Изјавувам дека сум запознаен-а со Општите правила за издавање и користење на картичката (во прилог на ова барање) и Тарифникот на банката и истите ги прифаќам во целост.<br>Со оваа Изјава исто така изречно ја овластувам Поштенска Банка АД, Скопје, да може, мојот единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) и другите мои лични податоци дадени во ова барање да ги користи при вршење на работи кои произлегуваат од делокругот на работење на Банката: обработка, пренесување на други овластени бази на податоци и/или други дејствија во рамките на банкарското работење, согласно Законот, регулативата и актите на Банката. |
| Своерачен потпис на корисникот на основната картичка | Своерачен потпис на корисникот на дополнителната картичка |
| Број на дополнителната картичка: | |

**Полињата во барањето означени со * не се задолжителни за пополнување** **пополнува банката**

| Место и датум: | Дозволено пречекорување: |
|---|---|
| Проверил комплетност на апликација: | Внел: |
| Внел апликација: | Одобрил: |

пополнува банката

**ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА НА ПОШТЕНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ**

- Платежната картичка на Поштенска Банка (во понатамошниот текст картичка) е во сопственост на Поштенска банка АД Скопје (во понатамошниот текст Банка). Овие општи правила се однесуваат и на основната и на дополнителната картичка.
- Основната и дополнителната картичка се издава на полнолетно лице со постојано живеалиште или регулиран престој во Р.Македонија.
- Поднесителот и овластеното лице и дозволуваат на Банката да ги провери сите наведени податоци во барањето за добивање и користење на картичката, како и да собере дополнителни информации.
- Корисникот на основната картичка има право да овласти друго лице да располага со средствата на неговата сметка. За овластеното лице Банката изработува дополнителна картичка, при што исти услови важат за користење и на основната и на дополнителната картичка,
- Картичката е непреносилива и смее да ја користи само лицето чии што податоци се отпечатени на неа.
- Корисникот се обврзува да ја потпише картичката и истиот потпис да го употребува при користење на картичката.
- Корисникот е должен веднаш да ја пријави во Банката секоја промена на личните податоци и сите други податоци важни за користење на картичката.
- Издавањето на картичката се врши врз основа на пополнето и потпишано барање за добивање на картичката и доставена фотокопија од лична карта. Банката може да побара и дополнителна документација, доколку тоа е предвидено со нејзините интерни акти или доколку оцени дека е потребно.
- Корисникот е должен да ги подмири трошоците за изработка на картичката според Тарифникот на банката.
- Врз основа на потпишаното Барање за добивање на картичката, банката истата ја поврзува со трансакциската сметка на клиентот во Банката.
- При издавањето картичката има рок на важност од 2 години. Со секоја следна обнова картичката има рок на важење од 2 години. Картичката  се обновува по автоматизам, освен кога корисникот писмено не ја откаже картичката најмалку 45 дена пред истекот на рокот на важност.
- Корисникот на картичката е должен да води сметка за нејзиниот датум на важност кој е означен на самата картичка и доколку не добие известување за обновена картичка до крајот на месецот кој е означен како краен рок на важност, должен е да се обрати до Банката, а истата по истекот на рокот на важност не смее да ја користи.
- При губење, кражба или оштетување на картичката, корисникот има право да побара нова или обнова на старата пред истекот на рокот на важност, за што ги подмирува трошоците според Тарифата на банката.
- Со откажувањето на основната картичка по автоматизам се откажуваат и дополнителните картички и корисниците се должни да ги вратат во Банката (лично или со препорачана пошта).
- Откажувањето на картичката не ги исклучува обврските кои не се платени или кои се во доспевање.
- Катричката е локална и може да се употребува секаде каде што е истакнат знакот на Поштенска Банка АД, Скопје за плаќање на стоки и услуги, за подигнување на готовина на банкомат и на шалтер на Банката или на автоматизираните единици на поштенската мрежа (ЕПМ) опремени со пос-терминал. Безготовинските плаќања во трговијата е можна на сите продажни места каде е истакнат знакот на Поштенска банка.
- Корисникот може да прави трансакции само во рамката на депонираните средства, со исклучок кога со посебен договор Банката му дозволува определено пречекорување. Банката го задржува правото на сопствена проценка при доделување на пречекорувањето.
- Максимален дневен лимит, кој корисникот може да го искористи во текот на еден календарски ден изнесува 70.000 денари, независно дали се работи за подигање на готовина преку банкомат или пос-терминал, или безготовинско плаќање со картичката.
- Доколку по која било основа се генерираат обврски од страна на корисникот, Банката има право да ги наплати сите побарувања од сметките кои корисникот ги има во Банката, но и од сите други средства во и побарувања од Банката, доспеани или не.
- Банката се обврзува сите податоци за трансакциите да ги чува како банкарска тајна освен во случаи предвидени со закон.
- На барање на лицето од продажното место, корисникот на картичката е должен да даде на увид исправа за идентификација.
- За идентификација на корисниците при подигање на готовина од банкомати и безготовински трансакции на ПОС терминали, се употребува личен идентификационен број-ПИН.
- Корисникот се обврзува да го чува ПИН-от одвоен од картичката и да не го соопштува на други лица со цел да се избегне злоупотреба на картичката.
- Банката не одговара за штетите причинети на корисникот на картичката, доколку тој не се придржува кон овие општи правила и услови за издавање и користење на платежна картичка
- Банката не сноси никаква одговорност доколку при користењето, картичката не биде прифатена од која било причина, но во тој случај Банката бара соодветно известување.
- При користење на картичката, корисникот е должен секоја потврда за извршена трансакција за купената стока или услуга да ја провери и потпише.
- Сите согледани неправилности на потврдата за извршена трансакција, корисникот ги оспорува непосредно при купувањето, односно користењето на услугата.
- Корисникот е должен да побара за себе еден примерок од потврдата за извршена трансакција која му служи за контрола на износот на трошоците.
- Оспорените трошоци се на товар на корисникот, доколку Банката не успее да ги врати.
- Во случај на губење или кражба на картичката, корисникот е должен веднаш да ја извести Банката на телефонскиот број на Одделот за поддршка на корисници: ++ 389 2 3293888
- Корисникот се обврзува во најкраток можен рок, но не подолг од 5 дена, и писмено да ја потврди или да ја откаже пријавената кражба или губење на картичката.
- Сите трошоци што произлегуваат од издавањето, користењето, губењето, кражбата или евентуалното одземање на картичката паѓаат на товар на корисникот според Тарифникот на Банката.
- Банката може согласно својата деловна политика да ги смени овие општи услови и општите услови на работењето, со кои е должна да го запознае корисникот на картичката на начинот кој корисникот на картичката го избрал за начин на достава на извештаи. Доколку корисникот на картичката во рок од 30 дена со писмено известување не ја откаже картичката, ќе се смета дека ги прифатил промените.
- Секоја неовластена и незаконска употреба на картичката е казнива. Доколку корисникот на картичката не се придржува кон Општите правила и услови за издавање и користење на платежна картичка или Договорот за издавање и користење на платежна картичка на Поштенска Банка АД Скопје, Банката има право да не ја обнови, временски да ја ограничи или да ја одземе картичката, како основната така и дополнителната картичка, и да преземе мерки за наплата на побарувањата.